**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-3784/**

# З А П И С Н И К

**Од 155.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 08.07.2021 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ,Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска, Косана Мазнева Николиќ и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Горан Атанасов Директор на заеднички функции и администрација,Виолета Димевска-раководител на одделение за планирање и буџет во МРТ и Иле Тримчески-Одделение за човечки ресурси. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата состојба со Ковид кризата во државата,155.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 11:00 часот.
Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред и едногласно усвои последните две точки од предложениот дневен ред да се префрлат за наредна седница на советот.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот Дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 154.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Финансиски план за изменување на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2021 година, со пренамена на средства.

3. Разгледување и усвојување на План за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2021 година, со пренамена на средства.

4. Разгледување и одлучување по Приговор со бр.04-3099/7 од 02.07.2021 г.

5. Разгледување и одлучување по Жалба со бр.04-2380/5 од 30.06.2021 г.

6. Разгледување на Приговор со бр.04-3556/1 од 30.06.2021 г.

7. Разно.

ТОЧКА1:**Разгледување и усвојување на записникот од 154.седница на Програмски совет на МРТ.**
Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го стави на разгледување записникот од 154.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата беа нотирани одредени забелешки по записникот од 154.седница на Програмскиот совет на МРТ, и истиот беше ставен на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 154.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен** со нотираните забелешки.

ТОЧКА2:**Разгледување и усвојување на Финансиски план за изменување на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2021 година, со пренамена на средства.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска раководител на одделението за планирање и реализација на буџети во МРТ која детално го објасни Финансискиот план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2021 година.
Виолета Димевска објасни дека согласно Барањето за пренамена на финансиски средства со архивски број 14-3534/1 од 28.06.2021 година доставено од страна на Директорот на МТВ и на одговорните уредници на програмските сервиси во МТВ со оваа пренамена на средства најголемо дополнување се врши на планираните износи во групата Програмски права и тоа:
– ставката Права за спортски настани се зголемува за 300.000 денари со што истата сега изнесува 95.300.000 денари;
– ставката Надомест за откуп на програми од независни продуценти се зголемува за 12.000.000 денари и истата со пренамената изнесува 13.000.000 денари, и
– ставката Копродукциски проекти се зголемува за 11.000.000 денари со што истата сега изнесува 110.000.000 денари.
Истовремено, во оваа група на трошоци ставката Права за откуп на филмска програма се намалува за 4.000.000 денари и истата сега изнесува 15.000.000 денари.
Исто така поради повисока реализација во однос на планираните износи се врши дополнување кај следните групи на трошоци:
Кај групата на трошоци за надомест на членовите на Надзорен одбор и Програмски совет вкупно планираниот износ се зголемува за 3.800.000 денари и сега истите се планирани на вкупно 9.000.000 денари,и во групата на трошоци за Даноци и судски такси вкупно планираниот износ се зголемува за 550.000 денари и сега изнесува 4.050.000 денари.
Со оваа пренамена на средства во Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2021 година не се менува вкупниот износ на планирани расходи, односно истиот како и претходно изнесува 1.022.500.000 денари.
Исто така беше посочено дека Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Финансискиот план за изменување на Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2021 година,со пренамена на средства и даде согласност на истиот.
По расправата Финансискиот план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2021 година, со пренамена на средства беше ставен на гласање.
■**Финансискиот план за изменување на годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2021 година, со пренамена на средства** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**1** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Финансискиот план за изменување на годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2021 година, со пренамена на средства **е усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разгледување и усвојување на План за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2021 година, со пренамена на средства.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ со детално образложение по материјалот на Планот за изменување на Планот за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2021 година.
Виолета Димевска објасни дека износот од 87.713.500 денари без ДДВ кој досега беше вкупна планирана проценета вредност во Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2021 година се намалува за 3.495.500 денари без ДДВ и сега изнесува вкупно 84.218.000 денари без ДДВ.
Планираните износи кај останатите ставки во Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2021 година остануваат непроменети.
Исто така беше посочено дека Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Планот за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2021 година,со пренамена на средства и даде согласност на истиот.

По расправата Планот за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2021 година,со пренамена на средства беше ставен на гласање.
■**Планот за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2021 година, со пренамена на средства** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **10** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**2** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Планот за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2021 година,со пренамена на средства **е усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 4:Разгледување и одлучување по Приговор со бр.04-3099/4 од 02.07.2021 г.**
Од страна на Програмскиот совет на МРТ беше извршен увид врз документите по приговор со бр.04-3099/4 од 02.07.2021 г,и по расправата одлучи:

■По расправата **Приговорот со бр.04-3099/4 на Бесим Абдулаи** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **0** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**3** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**9** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ го одби приговорот со бр.04-3099/4 на Бесим Абдулаи како неоснован.

**ТОЧКА 5:Разгледување и одлучување по Жалба со бр.04-2380/5 од 30.06.2021 г.**
Од страна на Програмскиот совет на МРТ беше извршен увид врз документите по жалбата со бр.04-2380/5 од 30.06.2021 г.,и по расправата одлучи:

■По расправата **Жалбата со бр.04-2380/5 од 30.06.2021 г.** на Сања Бујан беше ставена на гласање:
- ЗА гласаа: **0** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**2** члена,
- ВОЗДРЖАН гласаа: **10** члена.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ ја одби жалбата со бр.04-2380/5 од 30.06.2021 г., на Сања Бујан како неоснована.

ТОЧКА 6:**Разгледување на Приговор со бр.04-3556/1 од 30.06.2021 г.**
Од страна на Програмскиот совет на МРТ беше извршен увид врз документите по приговор со бр.04-3556/1 од 30.06.2021 г.,и по расправата одлучи:

■По расправата **Приговорот со бр.04-3556/1 на Марјан Рашован** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **0** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**2** члена,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**10** члена.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ го отфрли приговорот со бр.04-3556/1 на Марјан Рашован како ненавремен.

ТОЧКА 7:**Разно.**
По однос на оваа точка Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија запраша до каде е процесот за измена и доплонувањена Колективниот договор на МРТ за кој службите беа задолжени на предходната седница.
Иле Тримчески од одделението за човечки ресурси објасни дека добил информација од претседателката на Синдикалната организација на МРТ дека треба бо наредните денови да одржат состанок со менаџментот на МРТ како предходно би се усогласиле измените.

Седницата заврши во 13:30 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

Ведат Мемедалија
зам.претседател